Арх

Република Северна Македонија

Министерство за животна средина и просторно планирање

-Државен инспекторат за животна средина-

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина преку Виш водостопански инспектор Виолета А. Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024год., изврши контролен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Општина Студеничани со седиште на ул.„1“ бр.117,Студеничани, Скопје и со Записник број ип1 31-129 од 15.05.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став 2 алинеја 8 од Закон за води (Сл. весник на РМ“ бр. 87/08, 6/09,161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21,3/25), го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1) Се Наредува на субјектот на надзор Општина Студеничани, да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци и вршењето на активноста да ја усогласи со одредбите од Закон за води и прописите кои ја уредуваат областа, и тоа:
   - Да превземе мерки и активности со тоа што ќе изврши процена,за критичните точки на одредени попречни профили на речното корито, за тоа дали водотекот од појавата на големи води е во состојба да предизвика поплави на околното земјиште и дали е обезбеден непречен проток на водата

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 60 (шеесет) дена од приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) ~~Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од __________денари, на жиро сметка број ________________________.~~

5) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување

## Образложение

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина врз основа на член 76 од Закон за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/19,272/24,22/25), преку Виш водостопански инспектор Виолета А.Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024 год. изврши контролен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, состави Записник број ип1 31-129 од 15.05.2025 година, во кој се констатирани наоди за утврдена фактичка состојба:

Со Записник број ип1 31-129 од 02.04.2025 година од извршен вонреден инспекциски надзор, се утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 од Закон за инспекциски надзор, се опомени субјектот да превземе активности за заштита од штетно дејство на водата на дел од речното корито на Маркова река. Во однос на донесениот управен акт, субјектот на ден 22.04.2025 год. до Државен инспекторат за животна средина достави известување наш бр.31ип1-129 со кој го известил инспекторот дека веќе има превземено соодветни мерки со расчистување на делови во речното корито.

Од увидот на лице место кој се изврши на ден 15.05.2025год. може да се утврди дека на дел од катастарска парцела 2301/1 Ко Батинци и дел од катастарска парцела 929/1 КО Маркова Сушица, гледано по течението на реката на одредни попречни профили има видлива појава на нансси од наносен материјал и делови од одредена оштетена дрвна маса. Во оваа фаза, моментално не е влошен режимот на течението на водата, а визуелно може да се оцени дека водостојот во реката е минимален.

При увидот од страна на субјектот се приложи следното:

- Тековна состојба за субјектот на надзор бр.0805-50/150020250079736 од 05.03.2025 год.
- Хидролошка студија за Маркова река во атарот на с.Батинци со тех.бр.03-52/25 од Април 2025 год. изработен од дооел „НИМАЕР“ Струга д.е.Скопје.

Констатација: од утврденото,а се со крајна цел, прифаќање од појавата на големи атмосферски води и нормален проток на водата во речното корито, субјектот на надзор како надлежен орган за заштита од штетно дејство на водите, потребно е да превземе мерки и активности за заштита од површинското водно тело. Да превземе мерки со тоа што ќе изврши процена, за тоа дали водотекот е во состојба да предизвика поплави на околното земјиште при прифаќање на големи води и дали е обезбеден непречен проток на водата, а согласно член 133 од Закон за води (Сл. весник на РМ" бр. 87/08, 6/09,161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21,3/25).
Од наведеното, а се со цел да се утврди дали е извршено решението 31ип1-129 од 03.04.2025 год. по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт се утврди дека субјектот на инспекциски надзор постапил делумно по инспекцискиот акт.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА
Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број бр. Ип1 31-129 од 16.05.2025 година

Виш водостопански инспектор
Виолета А.Ѓорѓиева д.т.и.
рег.бр.06-0024 од 25.01.2024 год.